Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 40/26 и 138/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на ФЕЦ „УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ 2“ издадена на Друштвото за трговија на големо и мало УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 19/26).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "26 јули 2026 година" се заменуваат со зборовите "26 јануари 2027 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија на големо и мало УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште ул. "Јадранска магистрала" бр.47 Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), на 16 јули 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ „УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ 2“, УП1 бр.12-325/26 од 16 јули 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 19/26).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци.

Друштвото има доставено Изјава од надзорен инженер за тестирање на опремата бр. 0302-6987/1 од 14 јули 2026 година, изработена од Друштво за градежништво и услуги УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 33 лок. 6.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1192/2 од 23 јули 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 20 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од

Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на ФЕЦ „УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ 2“ издадена на Друштвото за трговија на големо и мало УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-325/26**
**23 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**